# СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

## КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БР. 2

## ЈАНУАРИ – МАРТ 2017 Г.



**СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА: КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ БР. 2 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2017 Г.**

**Издавач:** Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС)

**За издавачот:**
Александар Кржаловски, прв извршен директор
Гонце Јаковлеска, извршен директор

**Лектура:** Даниел Медароски

**Дизајн:** Кома

**Контакт:**
МЦМС, адреса: ул. „Никола Парапунов“ бр. 41а; пошт. фах 55, 1060 Скопје;
тел. +389/2/3065-381; факс: +389/2/3065-298; е-пошта: mcms@mcms.mk; веб-страница: www.mcms.mk

Scribd: http://www.scribd.com/people/documents/2996697;

SlideShare http://www.slideshare.net/mcms_mk

Facebook: http://www.facebook.com/mcms.mk; Twitter: http://twitter.com/mcms_mk

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

35.072.2:343.352(497.7)“2017*01/*03“

СЛЕДЕЊЕ на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата : квартален извештај бр. 2 : јануари-март 2017 г. - Скопје : Македонски центар за меѓународна соработка (МЦМС), 2017. - 35 стр. : граф. прикази ; 30 см

Фусноти кон текстот. - Публикацијата е во рамките на проектот: „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста“

ISBN 978-608-4681-85-4

а) Државна комисија за спречување корупција - Транспарентност - Македонија - 2017*01/*03
COBISS.MK-ID 103806218

Сите права се задржани. Репродуцирањето, копирањето, трансмисијата или преводот на кој било дел од оваа публикација може да се изврши единствено под следните услови: со претходна дозвола на издавачот, заради цитирање во анализа на книгата и под услови изложени во продолжение.

Авторското право на оваа публикација е заштитено, но публикацијата може да се репродуцира на кој било начин без наплата за едукативни намени. За копирање во други услови, за употреба во други публикации или пак за превод или адаптација, треба да се обезбеди претходна дозвола од издавачот.

Во електронска форма публикацијата е достапна на www.mcms.mk

Funded by UK Government

Подготовката на оваа публикација е во рамки на проектот „Следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата од страна на јавноста“, со поддршка на Британската амбасада Скопје. Мислењата и ставовите наведени во овоаа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската амбасада/Британската Влада.

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД .................... 5
2. МЕТОДОЛОГИЈА .................... 6
2.1. ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО .................... 6
2.1.1. ОБРАБОТКА И ПРИКАЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ .................... 7
3.ПЕРФОРМАНСИ .................... 9
3.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ .................... 9
3.2. НАДЗОР И КОНТРОЛА .................... 12
3.3. СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА .................... 20
4.ТРАНСПАРЕНТНОСТ .................... 22
ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ .................... 22
ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ .................... 25
5.ОТЧЕТНОСТ .................... 29
5.1. ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ .................... 29
5.2. ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ЈАВНОСТА .................... 29
6.ЗАКЛУЧОЦИ .................... 32
7.ПРЕПОРАКИ .................... 33

## ПРОЕКТ „СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТАТА НА ДКСК“

Проектот има цел да придонесе кон поголема транспарентност и отчетност, како и јакнење на јавната свест за резултатите од работата на ДКСК. Преку проектот се следи спроведувањето на законските обврски и нивото на транспарентноста и отчетноста на ДКСК, како и нејзиниот придонес во борбата против корупцијата во Република Македонија.

Преку кварталните извештаи граѓаните и другите засегнати страни редовно ќе добиваат сеопфатни информации за резултатите од работењето на ДКСК. За самата ДКСК придобивка од надворешното следење е да добие независна оценка за своето работење.

За потребите на проектот, МЦМС и ДКСК воспоставија соработка која има за цел квартално доставување податоци за потребите на анализи во рамките на проектот.

Проектот се спроведува од септември 2016 г. до април 2018 г., од страна на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), а е поддржан од Британската амбасада во Македонија.

# 1. ВОВЕД

Согласно Законот за спречување на корупцијата, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: ДКСК) е самостојна и независна антикорупциска институција. Меѓу другото, нејзините надлежности се поврзани со процесот на креирање политики, следење и надзор, како и соработка со други државни органи со цел спречување на корупцијата.

Проектот „Следење на работата на ДКСК“ има цел да придонесе кон поголема транспарентност и отчетност, како и јакнење на јавната свест за резултатите од работата на ДКСК. Преку проектот се следи спроведувањето на законските обврски и нивото на транспарентноста и отчетноста на ДКСК, како и нејзиниот придонес во борбата против корупцијата во Република Македонија.

Резултатите од следењето ќе бидат објавувани во кварталните извештаи. Целта на овие изданија е граѓаните и другите засегнати страни редовно да добиваат информации за резултатите од работењето на ДКСК. За самата ДКСК придобивка од надворешното следење е да добие независна оценка за своето работење. Секој извештај ќе содржи и заклучоци за соодветниот период. Истите ДКСК ќе може да ги искористи за потврдување на достигнувањата и за подобрување во областите во кои е идентификувано потфрлање.

# 2. МЕТОДОЛОГИЈА

Методологијата која беше применета за овој извештај се заснова на позитивните искуства во следењето на работењето на антикорупциските тела од страна на Центарот за изучување на демократијата (ЦИД) од Бугарија и на искуството на МЦМС во следењето на отвореноста на институциите.

Во овој извештај е опфатено следењето на работата на ДКСК во периодот од јануари до март 2017 г.

## 2.1. ИНСТРУМЕНТИ НА ИСТРАЖУВАЊЕТО

Методологијата која се применува во извештаите се заснова на матрица на индикаторите подготвена во соработка со ЦИД.

Три групи на индикатори кои се следат во овој извештај се:

1. **Индикатори на перформансите (ИП)** - даваат одговор дали и колку ДКСК ги исполнува надлежностите коишто ѝ се дадени со Законот за спречување корупција[1], со Законот за спречување судир на интереси[2] и со Законот за заштита на укажувачите[3];

2. **Индикатори на транспарентноста (ИТ)** - даваат одговор на достапност и пристапност на информациите поврзани со работата на ДКСК до јавноста;

3. **Индикатори на отчетноста (ИО)** - даваат одговор за степенот на остварување на таканаречената вертикална отчетност пред институциите пред кои одговара и хоризонтална отчетност кон сите други засегнати страни пред кои нема формална одговорност (други институции, граѓанскиот сектор, граѓаните, медиумите, бизнис-заедницата итн.).

Како појдовна точка во дефинирање на индикаторите користени се Законот за спречување корупција, Законот за спречување судир на интереси и Законот за заштита на укажувачите, како три закони врз основа на кои примарно дејствува ДКСК.

Матрицата на индикаторите е достапна на веб-страница на МЦМС.

1 Закон за спречување на корупцијата („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015, 148/2015)

2 Закон за судир на интереси („Службен весник на Република Македонија“ број 28/2002, 46/2004, 126/2006, 10/2008, 161/2008, 145/2010, 97/2015, 148/2015)

3 Закон за заштита на укажувачите („Службен весник на Република Македонија“ број 196/2015)

## 2.1.1. ОБРАБОТКА И ПРИКАЖУВАЊЕ НА РЕЗУЛТАТИТЕ

Прикажаните резултати се засноваат на обработка на информациите добиени преку анализа на секундарните податоци достапни на интернет, од податоците добиени од ДКСК и од истражување со граѓански организации. Со цел да се оцени тековната соработка на ДКСК со граѓанските организации, а врз основа на потпишаниот Меморандум од 2010 г.[4] , беше спроведена анкета со организациите потписници на Меморандумот. Анкетата беше испратена до 18 граѓански организации, а одговорија десет. Анкетата беше спроведена од 19 април до 5 мај  2017 г.

За визуелно прикажување на остварувањето на индикаторите користени се четири бои, и тоа:

**ЦЕЛОСНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ЗАКОНОТ СЕ СПРОВЕДУВА ВО ЦЕЛОСТ)**

**ДЕЛУМНО ИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ДКСК ПОСТАПУВА ПО ЗАКОНОТ, АМА НЕДОВОЛНО)**

**ЦЕЛОСНО НЕИСПОЛНУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРОТ (ДКСК НЕ ПОСТАПУВА ПО НАДЛЕЖНОСТИТЕ ДЕФИНИРАНИ ВО ЗАКОНОТ)**

**ИНДИКАТОРИ ЗА КОИ НЕ ПОСТОИ НАДЛЕЖНОСТ ДЕФИНИРАНА ВО ЗАКОНОТ, ИЛИ НЕ СЕ ОЦЕНУВА НИВО НА ОСТВАРУВАЊЕТО ВО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ.**

Бидејќи „обојувањето“ на индикаторите е поврзано со степенот на остварување на законски дефинираните обврски, индикаторите за кои не постои изречена законска основа се оставени без оваа категоризација. Примерите се де факто индикатори за транспарентност, бидејќи тие се дефинирани како посакувана пракса којашто ДКСК треба да ја спроведува. Портокаловата се однесува и за ситуации кога ДКСК не постапила поради непостоење конкретно барање за постапување по одредена законска надлежност; кога не може да се утврди дали ДКСК не покренала иницијатива за преземање активности и мерки определени со закони зашто немало основ за покренување, или кога нема воспоставен систем за проверка за постоење основи за покренување иницијативи. Бидејќи „обојувањето“ на индикаторите е поврзано со степенот на остварување на законски дефинираните обврски, индикаторите за кои не постои законска основа се оставени без оваа категоризација, односно се презентирани со сива боја.

За процена на нивото на покренати случаи за сомневања за корупција или судир на интереси, користен е моделот за класификација развиен во анализата „Дали антикорупцискиот модел дава резултати во Македонија?“.[5]  Моделот на ниво на корупција зема предвид два параметри: позицијата во политичкиот систем или во јавната администрација на која се наоѓа избрано и именувано лице

4 Меморандум за соработка за взаемна поддршка за спречување на корупцијата и судирот на интереси меѓу граѓански организации и ДКСК http://www.dksk.org.mk/images/stories/memorandum_nvo.pdf

5 Мангова И. (2013). Дали антикорупцискиот модел носи резултати во Македонија? Клучни фактори кои го прават еден модел успешен. Скопје: Институт за демократија Социетас цивилис - Скопје. Достапна на: www.academia.edu/3081031/Is_the_Anti-Corruption_Model_Delivering_Results_in_Macedonia

обвинето за корупција и процената на сумата пари која е злоупотребена. За потребите на оваа анализа моделот е прилагоден со дефинирање на три нивоа на корупција: високо, средно и ниско ниво. Детална класификација користена за потребите на кварталните извештаи може да се најде во Извештајот за остварувања на ДКСК во периодот од 2006 до 2015 г.

Во однос на користените термини, треба да се напомене дека низ текстот се користат термини за избрани и именувани лица со кои се опфатени избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал, а кои подлежат под Законот за спречување корупција, Законот за судир на интереси и други закони врз основа на кои постапува ДКСК.

# 3. ПЕРФОРМАНСИ

Индикаторите за перформансите даваат одговор дали и колку ДКСК ги исполнува надлежностите коишто ѝ се дадени со Законот за спречување корупција, со Законот за спречување судир на интереси и со Законот за заштита на укажувачите. Индикаторите се групирани според четирите основни групи на надлежностите преку кои ДКСК може да ја остварува своја превентивна и репресивна улога во борбата против корупцијата: креирање антикорупциски политики, надзор и контрола, соработка и едукација и информирање.

## 3.1. КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ

### ШТО ПРАВИ ДКСК ЗА ДА ПРИДОНЕСЕ КОН КРЕИРАЊЕ АНТИКОРУПЦИСКИ СТРАТЕГИИ И ПОЛИТИКИ?

Учествува во креирање и измени на антикорупциски закони

Дава мислење на предлог-закони со цел да не се донесат закони кои во себе ќе имаат одреби со кои може да се јави ризик од корупција

Ја следи и ја спроведува Државната програма за превенција и репресија на корупција и превенција и намалување појава на судир на интереси (2016-2019)[6]

### ШТО РЕАЛИЗИРАЛА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2017 Г.?

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 1**<br>ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДКСК | Годишниот извештај за работата на ДКСК за 2016 година е усвоен на седницата на ДКСК одржана на 23 март 2016 г.[7]<br><br>Во извештајот се презентирани: статусот, надлежностите и буџетот на ДКСК; текот на спроведувањето на Државната програма (2016-2019), постапувањата на ДКСК во спречувањето на корупцијата и судирот на интереси и евидентирањето и следењето на имотната состојба во 2016 година, преземените активности за спроведување антикорупциска проверка на легислативата, информации за спроведување на Законот за заштита на укажувачите, спроведените активности во рамките на проекти и едукација, како и информации за односи со јавноста и постапувања по барања за пристап до информации од јавен карактер. |

6 Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување појава на судир на интереси (2016-2019), достапна на: https://www.dksk.mk/fileadmin/Drzavni_programi/Drzavna_programa_2016-2019.pdf

7 Годишен извештај за работата на ДКСК за 2016 г. достапен на: https://www.dksk.mk/fileadmin/PDF/izvestaj.pdf

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 1**<br>**ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО НА ДКСК** | Иако со структурата на извештајот се дава одговор на спроведувањето на надлежностите на ДКСК, се забележуваат следните работи:<br>1. намален обем на содржината на текстот во поглед на деталноста во однос на претходните извештаи;<br>2. различен пристап во претставување на податоците;<br>3. структурата на годишниот извештај не одговара на структурата на годишната програма за работа.<br>Така, на пример, во извештајот не се презентирани ефекти од активностите и мерките преземени од ДКСК за спречување на корупцијата, кои може да се мерат и според финансиските средства вратени во државната каса како резултат на постапувањето на други институции, а на инцијатива на ДКСК. Исто така се забележува презентација на квантитативни податоци, без дополнителни квалитативни описи. Еден таков пример е делот во којшто се презентираат податоци за реализација на Државната програма (2016-2019), без осврт на анализата на остварувања по стратегиски цели и без квалитативниот опис на остварувањата.<br>Во однос на различниот пристап во претставувањето на податоците, може да се земат како пример податоците во два случаи за поведени постапки за одговорни лица во институциите. Во описот на еден од предметите, а во врска со користењето на државните средства за партиски цели, не е наведен називот на јавното претпријатие, на политичката партија и на името на општината за коишто ДКСК утврдила дека го прекршиле Изборниот законик. При описот во друг предмет, поврзан со сомнежи за вршење влијание врз вработените во центрите за социјална работа и граѓаните да гласаат за одредена политичка партија, како лице коешто ја злоупотребила службената положба е наведено „техничкиот министер на Министерството за труд и социјална политика“.<br>Бидејќи, структурата на Годишниот извештај не одговара на структурата на Годишната програма за работа, тешко може да се следи остварувањето на планираните активности. |
| **ИП 2**<br>**ДАВАЊЕ МИСЛЕЊА ЗА ПРЕДЛОЗИ НА ЗАКОНИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА** | Во периодот на известување до ДКСК немаше доставено барања од други институции да дадат мислења за предлози на закони од значење за спречување на корупцијата. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП3**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОЦЕСОТ НА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА (АПЛ) | Согласно Методологијата за АПЛ, ДКСК носи годишен план за спроведување антикорупциска проверка на легислативата и посебен план и динамика за спроведување антикорупциска проверка на закони што се веќе донесени. Иако согласно Методологијата, годишен план за спроведување АПЛ треба да биде донесен по усвојување на годишната програма за работа на ДКСК, тој сè уште не е подготвен. Планот и динамиката за 2017  година за АПЛ за донесени закони се донесени на 15 февруари 2017 г.<br>На барање на Македонската спортска стрелачка федерација, ДКСК изготвила мислење за Законот за оружје. Мислењето е објавено на веб-страница на ДКСК. |
| **ИП23**<br>ПОДГОТОВКА НА ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТВАРУВАЊЕТО НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА (2016-2019) | Подготвен е годишен извештај за остварувањето на Државната програма (2016-2019) за периодот јануари-декември 2016 г. Извештајот се подготвува врз основа на податоците прибрани преку електронска апликација од надлежните институции. |

## 3.2. НАДЗОР И КОНТРОЛА

Кои мерки и активности ги презема ДКСК за да спроведува надзор и контрола утврдени со Законот за спречување на корупцијата, со Законот за спречување судир на интереси и со Законот за заштита на укажувачите?

Покренува иницијативи пред други надлежни институции, доколку утврди дека постои сомневање за злоупотреби на буџетските средства и средства од јавни фондови за изборна кампања или каква било политичка активност

Презема активности за случаи кога ќе утврди дека постојат привилегии или дискриминација по однос на договорите, јавните набавки и другите зделки по изборите

Им дава мислење на државните институции за примена на одредбите од Законот за спречување на корупцијата за време на избори

Покренува иницијативи пред други надлежни институции доколку постои сомневање во финансиско-материјалното работење на политичките партии, синдикатите и здруженијата и фондациите

Покренува иницијативи за разрешување на избрани или именувани лица

Покренува иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани лица

Евидентира и следи промени на имотната состојба на избраните и именуваните лица

Води регистар на избрани и именувани лица

Го евидентира стекнувањето акции и удели на избрани и именувани лица, доколку акциите се на правно лице врз кое институцијата во која работи врши надзор

Постапува по претставки од граѓаните со сомневање за злоупотреба на дискрециско овластување и кои сметаат дека одредена одлука е донесена поради корумпираност

## ШТО РЕАЛИЗИРАЛА ДКСК ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2017 Г.?

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 4**<br>СЛЕДЕЊЕ НА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА, ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И СРЕДСТВАТА НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ | ДКСК сè уште не подготвила посебен извештај за можни злоупотреби на буџетските средства за финансирање изборна кампања или други политички активности за парламентарните избори одржани во декември 2016 година, а во годишниот извештај за работењето на ДКСК во 2016 г. се презентирани два предмети[8] за можни злоупотреби на буџетските средства за финансирање изборна кампања или други политички активности за изборите одржани во декември 2016 година. Истовремено, согласно Законот за спречување на корупцијата,ј во изборниот период од октомври до декември 2016 г., ДКСК поднела иницијативи за сомневање за користење противправни и анонимни извори на финансирање од страна на една политичка партија и поткупување на избирачите.<br><br>Во периодот јануари–март 2017 г. ДКСК нема отворено предмети во кои биле утврдени можни злоупотреби на буџетски средства за финансирање изборна кампања или други политички активности за изборите одржани во декември 2016 година. |
| **ИП 5**<br>СЛЕДЕЊЕ НА СЛУЧАИ ЗА ПРИВИЛЕГИИ ИЛИ ДИСКРИМИНАЦИЈА ПО ОДНОС НА ДОГОВОРИТЕ, ЈАВНИТЕ НАБАВКИ И ДРУГИТЕ ЗДЕЛКИ ПО ИЗБОРИТЕ ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА | Законот за спречување на корупцијата ѝ дава надлежност на ДКСК да врши увид во сите договори, јавни набавки и други зделки поврзани со остварување профит склучени, односно извршени по завршувањето на изборите меѓу државни органи и домашни или странски правни лица, како и сите дозволи, концесии и други одлуки.<br><br>ДКСК во периодот на известувањето нема преземено активности за спроведување на оваа надлежност. Со оглед на тоа дека во извештајниот период сè уште не беше изгласана влада на Република Македонија, може да се очекува дека оваа надлежност ќе биде од особена важност за следење на тоа како ќе биде избрана владата. |

8 Предметите коишто се наведени во годишниот извештај на ДКСК се: 1. Незаконити дејствија од страна директор и други вработени во јавно претпријатие (ЈП), како и градоначалник на општина на тоа ЈП кои за партиски цели и потреби користеле вработени во ЈП, како и возила во сопственост на ЈП со кои се вршел превоз на предизборен и изборен материјал. ДКСК утврдила основа за сомневање дека директорот и други лица вработени во ЈП и градоначалникот на општината сториле кривично дело – злоупотреба на службената положба и овластувања и несовесно работење во службата; 2. Сомневање за вршење притисок врз вработените во центрите за социјална работа во РМ и ветување парична награда доколку граѓаните гласаат за одредена партија од страна на техничкиот министер на Министерството за труд и социјална политика.

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП 6**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕ КОРУПЦИЈА ВО ИЗБОРНИОТ ПРОЦЕС | Бидејќи изборниот процес формално траеше и по конституирањето на Собранието на 30 декември 2016 г., ДКСК постапуваше и во овој извештаен период по барања за мислење од страна на државни институции дали може да преземат одредени активности поврзани со користењето и располагањето со буџетските средства во изборниот период.<br><br>Отворени се вкупно 1.460 предметии, сите се барања за мислења доставени од институции за тоа дали може да преземат постапки за вработување на неопределено и определено време, постапки за јавни набавки, постапки за издавање под закуп на имот во државна сопственост и други видови располагања со државен имот, како и мислења по барања за вонредни исплати на буџетски или фондовски средства и други располагања со буџетски средства на централно и на локално ниво. ДКСК одговорила на сите барања. |
| **ИП 7**<br>ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ | ДКСК нема покренато иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на политичките партии. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 8**<br>ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ, РАСПОРЕДУВАЊЕ, СМЕНУВАЊЕ ИЛИ ПРИМЕНА НА ДРУГИ МЕРКИ НА ОДГОВОРНОСТ НА ИЗБРАНИ ИЛИ ИМЕНУВАНИ ЛИЦА, СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ | Во рамките на Одделението за спречување на корупцијата, ДКСК покренала една иницијатива за поведување постапка пред надлежни органи за разрешување на едно лице од функција - директор на средно општинско училиште, затоа што при вработувањето на неговиот син во истата гимназија ги искористил и го подредил своите јавни овластувања и должности за остварување корист на негово блиско лице, ставајќи го својот приватен интерес и интересот на неговото блиско лице пред јавниот интерес.<br><br>Во рамките на Одделението за спречување судир на интереси, ДКСК покренала три иницијативи за поведување постапка за разрешување од извршување јавни овластувања и должности на лица кои постапиле спротивно на одредбите од Законот за спречување судир на интереси и од Законот за спречување на корупцијата и вработиле нивни блиски лица, и тоа против: директор на детска градинка, директор во јавно претпријатие и директор на основно училиште.<br><br>Сите четири покренати иницијативи, според класификацијата, спаѓаат во рангот на ниско ниво на корупција.<br><br>Нема достапни информации за штетата од потенцијална злоупотреба (по буџетот, по институцијата каде е утврдена, по корисниците на услуги, по граѓаните, по квалитетот на работење на институцијата). |
| **ИП 9**<br>ПОКРЕНУВАЊЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКА ЗА КРИВИЧНО ГОНЕЊЕ НА ИЗБРАНИ ИЛИ ИМЕНУВАНИ ЛИЦА, СЛУЖБЕНИ ЛИЦА ИЛИ ОДГОВОРНИ ЛИЦА ВО ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА, ЈАВНИ УСТАНОВИ И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ | ДКСК нема покренато иницијативи за поведување постапка за кривично гонење на избрани или именувани лица, службени лица или одговорни лица во јавни претпријатија, јавни установи и други правни лица што располагаат со државен капитал. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |

## ИП 10

**ЕВИДЕНЦИЈА И СЛЕДЕЊЕ НА АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИТЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ИЗБРАНИТЕ И ИМЕНУВАНИТЕ ЛИЦА, НА ОДГОВОРНО ЛИЦЕ ВО ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ, ЈАВНА УСТАНОВА ИЛИ ДРУГО ПРАВНО ЛИЦЕ КОЕ РАСПОЛАГА СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ**

Според податоците на ДКСК, до нив се доставени:

- 191 анкетни листови по изборот на функција;
- 163 анкетни листови по престанок на функцијата;
- 108 анкетни листови за пријавување промени на имотната состојба.

ДКСК до Управата за јавни приходи доставила едно барања за поведување постапка за испитување имот и имотна состојба.

Бидејќи во периодот на известување ДКСК не утврдила дека некое лице не поднело анкетен лист, затоа не повела прекршочни постапки пред надлежен суд.

Со цел да се оцени евиденцијата и следењето на анкетните листови и пријавите за промена на имотната состојба, се направи проверка дали се објавени, односно избришани анкетните листови на сите лица за кои се објавени одлуки за именување и избор, односно одлуки за престанок на функцијата во службените весници на Република Македонија во периодот на известувањето. Според податоците, објавени се одлуки за именување и избор на 81[9] лице и одлуки за разрешување од функција на 20 лица. Согласно Законот за спречување на корупцијата, сите овие лица имаат обврска да поднесат анкетен лист, со кој се утврдува состојбата на имотот при изборот, односно при престанување на функцијата.

При проверка на базата на податоци со анкетните листови на ДКСК, од 81 новоименувано и избрано лице, објавени се анкетните листови на 11 (8,91%). За 70 (86,42%) лица анкетните листови не се достапни на веб-страницата. Лицата за коишто не се достапни анкетните листови се избрани на функции во судови (судии-поротници).

Според досегашната пракса на ДКСК, по доставување на анкетниот лист по престанување на функцијата, податоците се повлекуваат од веб-страницата. При проверка на достапноста на анкетните листови на 20 лица за коишто се објавени одлуки за разрешување во службен весник, за пет од нив (25%) сè уште има податоци на веб-страницата, бидејќи тие лица не поднеле анкетен лист по заминувањето од функцијата. ДКСК не го утврдила ова и не повела постапка пред надлежните судови.

ДКСК нема податок за бројот и износот на изречени глоби од страна на судовите по претходно поднесени прекршочни пријави против лица кои не пополниле и не поднеле анкетен лист, бидејќи во извештајниот период до ДКСК не се доставени пресуди за изречени глоби. Од податоците со кои располага, односно од актите кои се добиени од надлежниот суд во извештајниот период, не е донесена пресуда со која е изречена глоба.

9 Разликата во бројот на доставени анкетни листови до ДКСК и бројот на избрани и именувани лица според одлуките објавени во Службениот весник се должи на тоа што во овој квартал до ДКСК се доставени анкетните листови на новоизбраните пратеници, коишто биле избрани и за чии избор одлуките биле објавени во службен весник во претходниот квартал (30 декември 2016 г.).

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 11** ПОВЕДУВАЊЕ ПОСТАПКИ ЗА СЛУЧАИ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ | ДКСК примила 23 нови предмети од областа на судирот на интереси, и тоа: осум предмети по барање на одговорно лице кое раководи со орган, четири предмети врз основа на пријава на друго физичко лице (не службено лице), четири предмети врз основа на анонимна пријава и седум предмети отворила по службена должност. Не се достапни информации кои се најчестите причини за поведување постапка за судир на интереси во овие 23 случаи.<br><br>Покрај новите предмети, ДКСК постапуваше и по 37 случаи, примени и отворени во претходните месеци и години.<br><br>ДКСК вложи една жалба против доставени пресуди од страна на Основниот суд Скопје I и на Апелацискиот суд. |
| **ИП 12** ЦЕЛОСНОСТ И АКТУЕЛНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ ОД РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА | Според податоците во службените весници на Република Македонија, во периодот на известување објавени се одлуки за именување и избор на 81 лице. Според Законот, за сите именувани и избрани лица, институциите коишто ги именувале до ДКСК во рок од 15 дена треба да достават податоци за ажурирање на Регистарот за избрани и именувани лица. При проверка на податоците во регистарот, заклучно со 25 април 2017 г., објавени се податоци во регистарот само за 6 лица (7%). Доколку ДКСК постапила согласно член 63.б став 1 од Законот за спречување на корупцијата и повела иницијатива за прекршочни постапки за неисполнување на обврските за неподнесување на податоците потребни за ажурирање на Регистарот, по основ глоба за соодветниот прекршок можело да се наплатат 162.800 евра[10].<br><br>Според податоците во службените весници во периодот на известување, објавени се одлуки за престанок или разрешување на 20 лица. При проверка на податоците во регистарот, заклучно со 25 април 2017 г. објавени се информации за престанок на функцијата за 10 (50%) лица. |
| **ИП 13** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ УДЕЛИ ИЛИ АКЦИИ | ДКСК нема предмет по кој постапувала, а е во врска со пријави за стекнување удели или акции од причина што такви пријави воопшто не се доставени. ДКСК нема воспоставено систем за контрола на ограничување по напуштањето на должноста. |

10 Претпоставка е дека согласно член 63-б став 1 глоба во износ од 200 евра му се изрекла за прекршок на раководното лице на институцијата која врши избори и именувања, односно на овластеното лице од него, ако во рок од 15 дена не поднело податоци до ДКСК; и став 2 дека глоба во износ од 2.000 евра му се изрекла за истиот прекршок и на институцијатаи лио рганот кој врши избори и именувања.

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИП 14**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ ЗА ПОСТОЕЊЕ КОРУПЦИЈА ОД ГРАЃАНИ ИЛИ ОД ПРАВНИ ЛИЦА НЕЗАДОВОЛНИ ОД ОДЛУКА ДОНЕСЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКРЕЦИСКО ОВЛАСТУВАЊЕ И КОИ СМЕТААТ ДЕКА ТАА ОДЛУКА Е ДОНЕСЕНА ПОРАДИ КОРУМПИРАНОСТ | До ДКСК не се доставени претставки на граѓани незадоволни од одлука донесена врз основа на дискрециско овластување и кои сметаат дека таа одлука е донесена поради корумпираност. |
| **ИП 15**<br>ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА СИНДИКАТОТ | ДКСК нема покренато иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на синдикати. |
| **ИП 16**<br>ПОКРЕНУВА ИНИЦИЈАТИВА ПРЕД НАДЛЕЖНИТЕ ОРГАНИ ЗА КОНТРОЛА НА ФИНАНСИСКО-МАТЕРИЈАЛНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА И НА ФОНДАЦИИТЕ | ДКСК нема покренато иницијативи пред надлежните органи за контрола на финансиско-материјалното работење на здруженија и фондации. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 17** АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕЗЕМЕНИ ОД ДКСК КАКО ОДГОВОР НА ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА НИВНА ЗАШТИТА. | ДКСК нема предмет по кој постапувала, а е во врска со заштита на укажувачите. Јавните институции имаат обврска да достават информација со име и презиме на овластеното лице за прием на пријави од укажувачи, неговото работно место; телефонскиот број за контакт и поштенската и електронската адреса . Во извештајниот период информацијата за овластеното лице за прием на пријави не ја доставила ниедна институција од јавниот сектор. Земајќи предвид дека во 2016 г. вкупно 29 институции од јавниот сектор ја доставиле оваа информација, тоа е и вкупниот број на институции коишто досега ги доставиле овие информации.<br><br>Овластените, односно раководните лица на институциите до кои се врши заштитено внатрешно и надворешно пријавување се должни до ДКСК да доставуваат полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи. Доколку не постапат по ова, може да ѝ се изрече казна во износ од 4.000 евра на институцијата. Казна во износ од 30% од казната изречена за институцијата ќе му се изрече и на одговорното лице во институцијата. До ДКСК, полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачиза периодот од јули до декември 2016 г. доставиле 18 (или 1,4%) институции од вкупно 1.291 институции активни во јавниот сектор на Република Македонија.<br><br>ДКСК не повела прекршочни постапки и нема податоци што презела за да се зголеми бројот на институции кои доставуваат полугодишни извештаи.<br><br>ДКСК не подготвила посебен годишен извештај за примени пријави од укажувачи во 2017 г.[13] , бидејќи во полугодишните извештаи доставени од институциите, не се евидентирани примени пријави од укажувачите.<br><br>Во извештајниот период ДКСК започна преговори со претставници од проектот финансиран од Европската Унија - „Strengthening the national capacities for fight against organised crime and corruption" во насока на обезбедување поддршка за спроведување на Законот за заштита на укажувачите. |
| **ИП 18** ПОСТАПУВАЊЕ ПО ПРИЈАВИ ОД ГРАЃАНИ И ОД ПРАВНИ ЛИЦА | Во периодот на известување биле оформени вкупно 14 предмети, за постоење елементи за корупција од граѓани, правни лица и предмети отворени по сопствена процена на ДКСК.<br><br>Во однос на наводите содржани во овие предмети, истите се однесуваат на сомневање за постоење коруптивни елементи во вршењето на јавните овластувања, јавните набавки, во вршењето на работите од јавен интерес и друго. Постапувањето по овие предмети е во тек. |

11 член 2 став 1 од Правилникот за заштитено внатрешно пријавување

12 http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/Godisen_izvestaj_2016_Registar_na_vraboteni_vo_JS.pdf

13 член 15, став 2 од Законот за заштита на укажувачите

# 3.3 СОРАБОТКА И ЕДУКАЦИЈА

Преку едукацијата на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и другите видови криминал, ДКСК може да придонесува за зајакнување на капацитетите на органите на државната управа. ДКСК има законска обврска да презема активности на планот на едукацијата на органите надлежни за откривање и гонење на корупцијата и сите други институции.

**Што презела ДКСК на полето на соработка и едукација во периодот од 1 јануари до 31 март 2017 г.?**

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 19**<br>СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРАНСТВО | Во периодот на известувањето остварена е средба на работна група за спроведување анализа на дискрециските овластувања во која покрај претставници од ДКСК, се вклучени и Министерството за правда, Министерството за информатичко општество и администрација, Генералниот секретаријат на Владата, Агенцијата за администрација, Секретаријатот за законодавство и МЦМС.<br><br>ДКСК одржа работен состанок со претставници на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија – Манфредас Лимантас, менаџер на програми и политичкиот советник Јоана Штуберт, на 28.02.2017 г.<br><br>ДКСК го потпиша Меморандумот за унапредување и проширување на соработката со научните и образовните институции во Република Македонија со Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и со Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Со воспоставувањето на оваа соработка, ќе се овозможи практична настава за студентите во ДКСК, унапредување на образовниот процес, а предвидени се планирање и заедничко организирање на научни и стручни собири, реализација на јавни дебати, работилници, конференции и кампањи за подигање на јавната свест за корупцијата. Целта на меморандумот е идните академски граѓани да создадат правилна слика за тоа што значи корупцијата и што значи борбата против корупцијата. |
| **ИП 20**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР | ДКСК присуствуваше на конференција на МЦМС на која се презентираше Извештајот за следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата за периодот од 2006 до 2015 г.<br><br>Соработка со други граѓански организации не е остварена.<br><br>Не се интензивирани контактите и средбите со потписниците на Меморандумот, како што е предвидено во Годишната програма за работа за 2017 г. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИП 20**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР | МЦМС од 19 април до 5 мај 2017 г. Спроведе онлајн анкета со потписниците на Меморандумот за соработка, со којашто се оценуваше соработката на ДКСК со граѓанските организации во периодот јануари-март 2017 г. Анкетата беше испратена до сите 18 потписници, а на неа беше одговорено од страна на десет организации.<br><br>Иницијативите од организациите и од ДКСК најмногу се однесувале на соработка на нормативната рамка поврзана со антикорупција, организација на настани, соработка на проекти и подготовка на анализи и истражувања. Од примерите што ги навеле организациите, ДКСК ги прифатила иницијативите предложени од организациите, освен во еден случај. Причините за неприфаќање на иницијативата не биле аргументирано образложени. Од друга страна, организациите ги прифатиле сите иницијативи за соработка што ги упатила ДКСК до нив. Како примери на иницијативи упатени од ДКСК се наведени поканата за учество во работна група, обуки, конференции и сл.<br><br>Запрашани како ја оценуваат севкупната соработка, осум (80%) од организациите рекле дека немало соработка, за две (20%) од организациите соработката била добра, но треба да се подобри. |
| **ИП 21**<br>СПРОВЕДУВАЊЕ АКТИВНОСТИ ВО РАМКИТЕ НА МЕМОРАНДУМОТ ЗА СОРАБОТКА ВО БОРБАТА ПРОТИВ КОРУПЦИЈАТА И СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ СО ПРИВАТНИОТ СЕКТОР | Не се реализирани редовни квартални состаноци со потписниците на Меморандумот согласно Меморандумот за соработка со бизнис-секторот и Годишната програма за работа за 2017 г. Во периодот на известувањето сè уште траеше изборниот процес, и сите активности на ДКСК биле насочени кон тоа. |
| **ИП 22**<br>ПРЕЗЕМЕНИ АКТИВНОСТИ НА ПЛАНОТ НА ЕДУКАЦИЈАТА НА ОРГАНИТЕ, НАДЛЕЖНИ ЗА ОТКРИВАЊЕ И ГОНЕЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА И ДРУГИТЕ ВИДОВИ КРИМИНАЛ | На 9 и на 10 март 2017 г. ДКСК организира работилница на тема „Процена на ризикот од корупција во институциите од јавниот сектор - утврдување на ризикот од корупција и другите неетички ризици и планирање на решенија и мерки за нивно надминување“. На работилницата учествувале 35 претставници на државни институции, четири претставници на општини и од Градот Скопје, петпретставници на граѓански организации и три претставници од ОБСЕ и од Делегацијата на Европската Унија. Работилницата ја следеле новинари од десет медиуми.<br><br>Со цел јакнење на капацитетите за антикорупциска проверка на легислативата, ДКСК во соработка со Регионалната иницијатива за антикорупција (РАИ), ја организира втората дводневна работилница на 27 и на 28 март. На работилницата присуствувале 16 претставници на државни институции, три од граѓански организации и пет експерти од Молдавија, од Босна и Херцеговина и од Србија. |

# 4. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

Транспарентноста подразбира достапност и пристапност на информациите поврзани со работата на ДКСК до јавноста.

**Што се законски (де јуре) утврдени обврски на ДКСК за обезбедување транспарентност?**

ДКСК е должна редовно да ја известува јавноста за преземените мерки и активности и за резултатите од своето работење

ДКСК е должна да го објавува годишниот извештај во средствата за јавно информирање

ДКСК е должна да ја известува јавноста за случаите на судир на интереси по кои таа постапувала

**Што е потребно ДКСК да објавува за да обезбеди целосна транспарентност на своето работење, и покрај тоа што нема експлицитна законска обврска (де факто транспарентност)?**

ДКСК треба да објавува:

Годишни програми и извештаи за својата работа

Информации за преземени мерки и активности на комисијата

Информации од одржани седници на комисијата

Дадени мислења на предлог-закони по спроведена антикорупциска проверка на легислативата

Информации за остварена соработка со граѓански организации

## КОЛКУ ДКСК БИЛА ТРАНСПАРЕНТНА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2017 Г.?

### ДЕ ЈУРЕ ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИТ-1**<br>ОБЈАВЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК И ЗА ПРЕЗЕМЕНИТЕ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ | Годишниот извештај за работата на ДКСК за 2016 г. е објавен на веб-страницата на ДКСК на 15 мај 2017 г., речиси два месеци по усвојувањето на седницата на ДКСК и две недели по поднесувањето во Собранието на Република Македонија. Иако во Законот за спречување на корупцијата е предвидено дека Годишниот извештај се доставува и до средствата за јавно информирање (медиумите), ДКСК не испратила информација за извештајот преку други средства за јавно информирање.<br>На веб-страницата на ДКСК нема информации поврзани со седницата на која е усвоен Годишниот извештај. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИТ-2**<br>ПРИСТАП ДО РЕГИСТАРОТ НА ИЗБРАНИ И ИМЕНУВАНИ ЛИЦА | Пристап до Регистарот постои, но има ограничувања во однос на пребарувањето и прегледноста на регистарот. Во регистарот на избрани и именувани лица недостасува „историја на промени“ која дозволува преглед за почетокот и за крајот на извршувањето на функцијата на секое избрано и именувано лице. Не е овозможено да се зачува целата база на податоци со цел да се прави компјутерска анализа/обработка на податоците. Регистарот не е достапен во формат на отворени податоци и податоците не се поврзани со базата на анкетните листови на избрани и именувани лица. |
| **ИТ-3**<br>ОБЈАВЕНИ АНКЕТНИ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИ ЗА ПРОМЕНА ВО ИМОТНАТА СОСТОЈБА НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА НА ДКСК | Врз основа на податоците достапни на веб-страницата data-mkopen[14] којашто ги следи измените направени во базата на податоци на анкетните листови, во периодот од 03.01.2017 г. до 23.03.2017 г. во базата е направена измена на 235 записи на јавни функционери. Овие измени вклучуваат 116 нови анкетни листови и 119 пријави за промена на имотната состојба. ДКСК известила дека во периодот од 01.01.2017 до 31.03.2017 г. биле поднесени вкупно 299 анкетни листа. |
| **ИТ- 6**<br>ОБЈАВУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА СЛУЧАИТЕ НА СУДИР НА ИНТЕРЕСИ ПО КОИ ДКСК ПОСТАПУВА И МЕРКИ И АКТИВНОСТИ КОИ ГИ ПРЕЗЕЛА | Објавена е една информација за преземени мерки и активности за судир на интереси. Со овие информации опфатено е едно лице, кое е на ниско ниво според рангот на нивото на корупција. Поради непостапување по барањето на ДКСК, на лицето му е изречена мерка јавна опомена. |
| **ИТ-8**<br>ДОСТАПНОСТ НА ГОДИШНИ ИЗВЕШТАИ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ | Не се оценува, бидејќи ДКСК нема подготвено годишен извештај за примени пријави од укажувачи. (Види ИП-17) |

14 OpendataMacedonia, https://data-mkopen.rhcloud.com/

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИТ-9**<br>ЈАВНО ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ДКСК | Во периодот на известување беа објавени вкупно 18 информации на веб-страницата на ДКСК, од коишто:<br>→ Едно прес-соопштение за одржување работилница на тема „Процена на ризикот од корупција во институциите од јавниот сектор - утврдување на ризикот од корупција и другите неетички ризици и планирање на решенија и мерки за нивно надминување“;<br>→ Две соопштенија за една јавна седници, коишто содржат информација за дневниот ред и донесените одлуки;<br>→ Една информација за изречена мерка јавна опомена поради констатирана состојба на судир на интереси;<br>→ Една информација за одржана средба со претставници на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија;<br>→ Една информација за учество на претседателот на Комисијата во дебатна емисија, вклучително и видео од емисијата;<br>→ Две информации за потпишани два меморандуми за унапредување и проширување на соработката со научните и образовните институции во Република Македонија;<br>→ Една информација за присуство на претставници на комисијата на презентацијата на „Извештајот за следење на работата на Државната комисија за спречување на корупцијата“ ,организирана од МЦМС;<br>→ Едно известување за ставање во употреба на нова веб-страница.<br>Иако е објавена вест дека е потпишан Меморандумот за соработка со научните и образовните институции, самиот документ не е објавен, иако во минато тоа било пракса и на старата веб-страница (www.dksk.org.mk), објавени се меморандуми за соработка со бизнис-секторот, со здруженија и фондации. |

## ДЕ ФАКТО ТРАНСПАРЕНТНОСТ

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИТ-10**<br>ОБЈАВЕНИ ГОДИШНИ ПРОГРАМИ И ПЛАНОВИ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК ЗА ТЕКОВНАТА ГОДИНА | Годишната програма за 2017 г. е објавена во формат pdf во делот на документи, а не и како соопштение за јавноста. |
| **ИТ-12**<br>ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО ПРОЦЕСОТ НА АНТИКОРУПЦИСКА ПРОВЕРКА НА ЛЕГИСЛАТИВАТА (АПЛ) | Не е објавен планот за динамика за проверка на АПЛ. На барање на МЦМС, доставен е во електронска форма на увид.<br>ДКСК го објавила мислењето коешто го дала по предлог на закон за изменување на Законот за оружје, подготвено на барање на Македонската спортска стрелечка федерација. Документот за дадено мислење е достапен на веб-страницата на ДКСК. |
| **ИТ-13**<br>ПРИСТАП ДО АНКЕТНИТЕ ЛИСТОВИ И ПРИЈАВИТЕ ЗА ПРОМЕНА ВО ИМОТНАТА СОСТОЈБА, ОБЈАВЕНИ ОД СТРАНА НА ДКСК | Во годишниот извештај на ДКСК е наведено дека е изготвено ИТ решение за електронско поднесување на анкетните листови и на изјавите на интереси, но за негово ставање во употреба неопходни се измени во соодветните закони. Со ова ИТ решение се очекува да се отстранат сите недостатоци евидентирани во сегашната база на податоци на анкетните листови:<br>1. непостоење можност да се зачува целата или дел од базата на податоци со цел да се прави компјутерска обработка на податоците;<br>2. непостоење на „историја на промени“ за секој од анкетните листови, односно за секое лице, со што не се дозволува следење на промените за секој запис одделно. |
| **ИТ-14**<br>ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ПОДНЕСЕНИ ПРЕТСТАВКИ ОД ГРАЃАНИН ИЛИ ПРАВНО ЛИЦЕ НЕЗАДОВОЛНИ ОД ОДЛУКА ДОНЕСЕНА ВРЗ ОСНОВА НА ДИСКРЕЦИОНО ОВЛАСТУВАЊЕ И КОИ СМЕТААТ ДЕКА ТАА ОДЛУКА Е ДОНЕСЕНА ПОРАДИ КОРУМПИРАНОСТ | До ДКСК нема поднесени претставки од граѓанин или правно лице незадоволни од одлука донесена врз основа на дискрециско овластување и кои сметаат дека таа одлука е донесена поради корумпираност. Од тие причини, ДКСК нема отворено предмети по овој основ. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИТ-15** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ДАЛИ НЕКОЕ СЛУЖБЕНО ЛИЦЕ ВО РОК ОД ТРИ ГОДИНИ ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ, ОДНОСНО ПО ПРЕСТАНОКОТ НА ВРАБОТУВАЊЕТО, СЕ ВРАБОТИЛО ВО ТРГОВСКОТО ДРУШТВО ВО КОЕ ВРШЕЛО НАДЗОР ИЛИ ИМАЛО ВОСПОСТАВЕНО КАКОВ БИЛО ДОГОВОРЕН ОДНОС ПРИ ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ | ДКСК нема воспоставено систем за следење дали некое службено лице во рок од три години по престанокот на вршењето на јавните овластувања или должности, односно по престанокот на вработувањето, се вработило во трговското друштво во кое вршело надзор или имало воспоставено каков било договорен однос при вршењето на јавните овластувања или должности. |
| **ИТ-16** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА ПОСТОЕЊЕ ИЛИ НЕПОСТОЕЊЕ ПРИЈАВИ ЗА СТЕКНУВАЊЕ, ПО КОЈ БИЛО ОСНОВ, АКЦИИ, ОДНОСНО УДЕЛИ ВО ПРАВНОТО ЛИЦЕ ВО КОЕ РАБОТЕЛО, ОДНОСНО ВРШЕЛО НАДЗОР СЛУЖБЕНОТО ЛИЦЕ ПО ПРЕСТАНОК НА ВРШЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА ИЛИ ДОЛЖНОСТИ | Нема објавени информации, поради тоа што ДКСК немала пријави од таков вид. |
| **ИТ-17** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА ЗАШТИТА ВО СООДВЕТНАТА ИНСТИТУЦИЈА | ДКСК немала пријави од ваков вид и заради тоа нема објавено информации за постоење или непостоење пријави од страна на укажувачи за необезбедување заштита во соодветната институција. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИТ-18**<br>ДОСТАПНИ ИНФОРМАЦИИ ЗА АКТИВНОСТИ И МЕРКИ ПРЕЗЕМЕНИ ОД СТРАНА НА ДКСК КАКО ОДГОВОР НА ДОБИЕНИ ПРИЈАВИ ОД УКАЖУВАЧИ ЗА НЕОБЕЗБЕДЕНА НИВНА ЗАШТИТА | Нема објавени информации, поради тоа што ДКСК немала пријави од таков вид. |
| **ИТ-19**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ДРУГИ ДРЖАВНИ ИНСТИТУЦИИ ВО МАКЕДОНИЈА И ВО СТРАНСТВО | На веб-страницата има информација за одржан работен состанок на Комисијата со претставници на Делегацијата на Европската Унија во Република Македонија.<br>Објавени се и две информации за потпишани два меморандуми: едниот со Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и другиот со Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во насока на унапредување и проширување на соработката со научните и образовните институции во Република Македонија.<br>Не се објавени информации за одржана обука за антикорупциска проверка на легислативата. |
| **ИТ-20**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ | На веб-страницата има информација за учество на ДКСК на настанот организиран од МЦМС на кој се презентираше „Извештајот за следење на работата на ДКСК“. |
| **ИТ-21**<br>ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ НА ВЕБ-СТРАНИЦАТА ЗА СОРАБОТКА СО БИЗНИС-СЕКТОРОТ | Нема објавени информации, поради тоа што ДКСК немала остварени средби со бизнис-секторот. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИТ-22** РЕДОВНО ПРЕЗЕНТИРАЊЕ НА ПОСТИГНАТИТЕ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ НА ЈАВНОСТА (ИТ 22) | ДКСК до медиумите испратила десет соопштенија за јавноста. |
| **ИТ-23** ДОСТАПНОСТ НА ИНФОРМАЦИИ ОД ОДРЖАНИ СЕДНИЦИ НА КОМИСИЈАТА (ИТ23) | Во период на известување биле одржани 24 седници на Комисијата. Една седница била јавна и се одлучувало по пет приговори[15] со основи за сомневање за непочитување на одредбите од Изборниот законик. Одржување јавни седници е обврска на ДКСК кога постапува по поднесени приговори за непочитување забрана за користење буџетски средства за време на избори, вработување или користење канцелариски простор, опрема и службени возила на институции за изборна кампања.<br><br>На веб-страницата објавена е вест за одржување на една јавна седници[16] на Комисијата на 3 јануари 2017 г. на која ДКСК одлучувала по поднесените преговори на СДСМ против Министерството за правда, Македонска пошта, Театарот за деца и младинци и против политичката партија ВМРО-ДПМНЕ. ДКСК ги отфрли сите приговори од СДСМ, едногласно, на јавна седница. На истата седница, ДКСК го отфрли приговорот добиен од граѓанин против Агенцијата за вработување.<br><br>Одлуките во целост се објавени во прилог на соопштението за одржаната јавна седница.<br><br>За одржување седници, за коишто нема законска обврска за известување, ДКСК не објавува информации на веб-страницата. |

15 Согласно член 8а и 8б од Изборниот законик

16 Согласно член 74 од Изборниот законик

# 5. ОТЧЕТНОСТ

Отчетноста на ДКСК како независна и самостојна во вршењето на свои надлежности, се осигурува доколку таа работи во интерес на јавноста и се спречува или ублажува потенцијалното работење за лични интереси. Отчетноста не подразбира само „вертикална отчетност“, односно хиерархиско одговарање пред друга институција, туку уште поважна е таканаречената „хоризонтална отчетност”. Таа вклучува следење од страна на други засегнати страни, меѓу кои и граѓаните, па зголемувањето на отчетноста пред граѓаните е еден од клучните механизми за унапредување на целокупната отчетност на ДКСК.

## 5.1 ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ

Отчетноста пред институциите се однесува на сите надлежности за кои ДКСК има законска одговорност да поднесе извештај за својата работа по одредена активност.

### КОЛКУ ДКСК БИЛА ОТЧЕТНА ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ОКТОМВРИ ДО 31 ДЕКЕМВРИ 2016 Г.?

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИО 1** ПОДНЕСУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ДКСК | Годишниот извештај за работата на ДКСК за 2016 г.[17] , иако беше усвоен на седницата на ДКСК одржана на 23 март 2016 г., до Собранието на Република Македонија, до Владата и до Претседателот е доставен на 3 мај 2017 г. |
| **ИО 2** ДОСТАВУВАЊЕ ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРИМЕНИ ПРИЈАВИ НА УКАЖУВАЧИ | ДКСК и Министерството за правда се должни до Собранието на Република Македонија да достават посебни годишни извештаи за примени пријави од укажувачи.[18] Не се оценува бидејќи ДКСК нема подготвено, а со тоа ни доставено годишен извештај за примени пријави од укажувачи. (Види ИП-17) |

17 Годишен извештај за работата на ДКСК за 2016 г. достапен на: https://www.dksk.mk/fileadmin/PDF/izvestaj.pdf

18 член 15, став 2 од Законот за заштита на укажувачите

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИО 3**<br>ДОСТАВУВАЊЕ ПОСЕБЕН ИЗВЕШТАЈ ДО СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МОЖНИТЕ ЗЛОУПОТРЕБИ НА БУЏЕТСКИТЕ СРЕДСТВА, ЈАВНИТЕ ФОНДОВИ И СРЕДСТВАТА НА ЈАВНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА И ДРУГИ ПРАВНИ ЛИЦА ШТО РАСПОЛАГААТ СО ДРЖАВЕН КАПИТАЛ ПОВРЗАНО СО ИЗБОРИ И ПОЛИТИЧКИ АКТИВНОСТИ | Согласно Законот за спречување на корупцијата, ДКСК најдоцна во рок од три месеца од завршувањето на изборите има обврска да му достави посебен извештај на Собранието на Република Македонија за можните злоупотреби на буџетските средства за време на избори. Не се оценува бидејќи ДКСК сè уште не подготивила ваков извештај за парламентарните избори одржани на 11 декември 2016 г.  (види ИП 4). |

# 5.2 ОТЧЕТНОСТ ПРЕД ЈАВНОСТА

Отчетноста пред јавноста, граѓанските организации и приватниот сектор подразбира нивно редовно информирање за активностите и преземените мерки од страна на ДКСК. На 1 февруари 2017 г. ДКСК ја пушти во употреба новата веб-страница www.dksk.mk. Еден од начините за активна отчетност кон јавноста е и преку исполнување на обврските наведени во Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

### КОЛКУ ДКСК БИЛА ОТЧЕТНА ПРЕД ИНСТИТУЦИИТЕ ВО ПЕРИОДОТ ОД 1 ЈАНУАРИ ДО 31 МАРТ 2017 Г.?

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
|---|---|
| **ИО 5**<br>ВИД ИНФОРМАЦИИ КОИ ДКСК ГИ ДОСТАВИЛА ДО ЈАВНИТЕ ЕЛЕКТРОНСКИ И ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ЗА НЕЈЗИНИТЕ АКТИВНОСТИ И РЕЗУЛТАТИ | Врз основа на податоците достапни на веб-порталот www.time.mk, објавени се вкупно 107 вести. Вестите кои ги објавиле медиумите најчесто содржат информации за најава и одржување јавни седници на Комисијата, конференции, постапувања на ДКСК по поднесени приговори во врска со членот 8-а од Изборниот законик, објавени анкетни листови на новоизбраните пратеници и информации за потпишаните меморандуми за соработка со високообразовните институции.<br><br>Вкупниот број на прегледи на 39 вести на кои  постои бројчаник е 54.890.<br><br>ДКСК не организирала прес-конференција, а биле организирани пет јавни седници. Работилницата на тема „Процена на ризикот од корупција во институциите од јавниот сектор - утврдување на ризикот од корупција и другите неетички ризици и планирање на решенија и мерки за нивно надминување". одржана на 9 и на 10 март 2017 г., ја следеле новинари од десет медиуми, а на интернет било известено во вкупно 11 вести. |

| ИНДИКАТОР | ЈАНУАРИ - МАРТ 2017 Г. |
| --- | --- |
| **ИО 6**<br>ПОСТАПУВАЊЕ ПО БАРАЊА ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР | Во овој период до ДКСК беа доставени три барања за пристап до информации од јавен карактер. Едно барање е решено позитивно, за едно е побарано дополнување на барањето, а по едно барање е донесен заклучок за прекин на постапката[19], затоа што ДКСК не располагала со бараната информација. Барањето на кое позитивно е одговорено се однесувало на полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи доставени до ДКСК од универзитетите во Р. Македонија[20].<br><br>Немало поднесени жалби од барателите на информации против решенијата на ДКСК.<br><br>Листата на информации со кои располага ДКСК согласно законот последен пат е ажурирана во 2010 г. |
| **ИО 7**<br>КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ЗА СПОДЕЛУВАЊЕ ИНФОРМАЦИИ СО ЈАВНОСТА | ДКСК не користи ниеден од социјалните медиуми за споделување на информациите со јавноста. |

19 согласно со член 26 став 2 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер.

20 согласно со член 4 и 5 од Законот за заштита на укажувачите.

# 6. ЗАКЛУЧОЦИ

Од вкупно 31 индикатор следени во набљудуваниот периодот, а за кои се следи исполнувањето на законските обврски („обојување на индикаторите“), 13 се остваруваат целосно во согласност со законот, 16 се остваруваат делумно, а два не се остваруваат.

**Годишниот извештај на ДКСК дава делумна слика на ниво на остварувања на надлежностите.** Иако со структурата на извештајот се дава одговор на спроведувањето на надлежностите на ДКСК, се забележуваат следните работи: намалување на содржината на текстот во поглед на деталност во однос на претходните извештаи; нееднаков пристап во претставување на податоците; во годишниот извештај не се дава преглед на реализација на индикаторите на остварувања предвидени во годишната програма за работа.

**ДКСК одговорила на 1.460 барања за мислење од страна на државни институции за примена на Законот за спречување на корупцијата во изборен процес.** Барања за мислења се однесуваат на преземање постапки за вработување на неопределено и на определено време, постапки за јавни набавки, постапки за издавање под закуп на имот во државна сопственост и други видови располагања со државен имот, како и мислења по барања за вонредни исплати на буџетски или фондовски средства и други располагања со буџетски средства на централно и на локално ниво.

**ДКСК отворила 16 предмети за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавни претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал за праламентарните избори одржани во декември 2016 г., меѓутоа не подготвила посебен извештај којшто треба да го достави до Собранието на Република Македонија.** Во Годишниот извештај на ДКСК за 2016 г. е наведено дека во 11 предмети ДКСК констатирала дека наодите од пријавите не се потврдени, а за пет од нив постапката е сѐ уште во тек. Сите предмети се оформени по пригори за непочитување на одредбите на членовите 8-а и 8-б од Изборниот законик, којшто се однесуваат на ограничувања во користење на буџетските средства за време на изборниот процес. Еден од предметите коишто се во тек се однесува на злоупотреби на вработени лица и службени возила на јавно претпријатие за превоз на предизборен материјал на една политичка партија. Во кварталниот извештај бр. 1 наведен е и предмет во кој има сомневање за незаконско давање наредби на службено лице за доделување решенија за распоредување на вкупно 21 лице вработено во Министерството за внатрешни работи. Рокот за подгтовка на посебен извештај и неговото доставување до Собранието на Република Македонија беше три месеци по завршувањето на изборниот процес.

**ДКСК не презела конкретни мерки за активна примена на Законот за заштита на укажувачите и подзаконски акти којшто се однесуваат на обврски на јавните институциите пред ДКСК.** До ДКСК полугодишни извештаи за примени пријави од укажувачи за периодот од јули до декември 2016 г. доставиле 18 (или 1,4%) институции од вкупно 1.291 институции активни во јавниот сектор на Република Македонија[21]. Истовремено обврската за доставување информација за лице овластено за прием на пријави од укажувачи досега ја исполниле само 29 институции од јавниот сектор. За неисполнување обврска за доставување полугодишни извештаи се пропишани и казни за институциите и за лица одговорни во институциите. ДКСК не презема мерки и активности во рамките на законот за влијание врз институциите за исполнување на обврските.

21 http://mioa.gov.mk/files/pdf/dokumenti/Godisen_izvestaj_2016_Registar_na_vraboteni_vo_JS.pdf

**ДКСК продолжи со активно спроведување на активностите на полето на соработка и едукација.** ДКСК потпиша Меморандум за унапредување и проширување на соработката со Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и со Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Преку соработката треба да се овозможи практична настава за студентите во ДКСК, а предвидени се планирање и заедничко организирање научни и стручни собири, реализација на јавни дебати, работилници, конференции и кампањи за подигање на јавната свест за корупцијата. Беа организирани и две работилници на кои учествуваа вкупно 71 претставник на државни институции, меѓународни организации, граѓански организации и медиуми.

# 7. ПРЕПОРАКИ

**Структурата и начинот на известување во Годишниот извештај на ДКСК да соодветствува со структурата во Годишната програма за работа на ДКСК.** За да се овозможи следење на остварувањата во однос на планираните активности, потребно е структурата на Годишната програма и на Годишниот извештај за работа на ДКСК да бидат исти. Бидејќи ДКСК има добра пракса да ги дефинира индикаторите за остварувањата во Годишната програма, добро е да воспостави пракса за известување и за ниво на реализација на поставените индикатори за остварувања. Исто така потребно е да се определи ниво на деталност на податоците во годишниот извештај, со цел пресумпцијата на невиност да биде применета во сите предмети коишто се презентираат. Исто така, не треба да се напушти добрата пракса за презентирање на материјално-финансиските ефекти од поведените постапки.

**ДКСК да подготви посебен извештај за можните злоупотреби на буџетските средства, јавните фондови и средствата на јавните претпријатија и други правни лица што располагаат со државен капитал за парламентарните избори одржани во декември 2016 г.** Бидејќи ДКСК имаше 16 отворени предмети, од кои 11 се завршени, а пет се сè уште во тек, потребно е да подготви и да достави до Собранието на Република Македонија посебен извештај за можните злоупотреби на буџетските средства.

**ДКСК создаде услови за активна примена на Законот за заштита на укажувачите и подзаконски акти коишто се однесуваат на обврските на јавните институциите пред ДКСК.** Потребно е да се интензивираат активностите, пред сè за информирање на сите јавни институции коишто не ги исполниле обврските согласно Законот за заштита на укажувачите, односно не поднеле полугодишен извештај за примени пријави на укажувачите и информација за лицето овластено за примање пријави. Потоа, за оние институции коишто нема да ги исполнат своите обврски и по информирањето, ДКСК да преземе соодветни мерки во согласност со Законот. Исто така може да се иницира автоматизирање на поднесувањето на полугодишните извештаи, преку подготовка на веб-апликација и соодветни измени на законот за да се овозможи електронско поднесување на извештаите.